# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

Службениот гласник на
Општина Росоман
излегува по потреба

Службен гласник бр.5
08.05.2023 година
Општина Росоман

Изготвува општинската
администрација на
Општина Росоман

Тел.(043)441-331   факс.(043)441-443

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за поништување на Одлуката за усвојување на Извештајот со елаборат и проценка за утврдување на висината на штета од елементарна непогода – мраз и слана донесена на 16-тата седница одржана на ден 28.10.2022 година, донесено од страна на Советот на општина Росоман на 23-тата вонредна седница одржана на ден 08.05.2023та година.

Изработила: А/П

**Бр.09-344/1.1**
**09.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 9 точка 44 и член 147 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 23-тата вонредна седница одржана на ден 08.05.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за поништување на Одлуката за усвојување на Извештајот со елаборат и проценка за утврдување на висината на штета од елементарна непогода – мраз и слана донесена на 16-тата седница одржана на ден 28.10.2022 година**

1. Со Ова Решение се поништува Одлуката за усвојување на Извештајот со елаборат и проценка за утврдување на висината на штета од елементарна непогода – мраз и слана донесена на 16-тата седница одржана на ден 28.10.2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-344/1.1**
**08.05.2023 година**
**Р о с о м а н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот со елаборат и проценка за утврдување на висината на штета од елементарни непогоди, донесена од страна на Советот на општина Росоман на 23-тата вонредна седница одржана на ден 08.05.2023та година.

Изработила: А/П

**Бр.09-344/1.2**
**09.05.2023 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 став 1 точка 43 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06) , а во врска со точка 13 и 74 од Единствена методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди (“Службен весник на РМ“ бр.75/01), Советот на општина Росоман на 23-тата вонредна седница одржана на ден 08.05.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештај со елаборат и проценка за утврдување на висина на штета од елементарни непогоди**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот со елаборат и проценка за утврдување на висината на штета од елементарна непогода – мраз и слана која ја зафати општина Росоман на 12 и 13 Март и 13 и 14 Април 2022 година, бр. 09-298/3 од 28.10.2022 година со вкупно проценета штета од 215.616.740,96 денари, изработен од страна на Комисијата за процена на штети на општина Росоман формирана со Решение бр. 08-288/1.1 од 20.05.2022 година, за утврдување на штета на територија на општина Росоман.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-344/1.2**
**08.05.2023 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**